РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 08 - 147/1
09.02 2026 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 20 став 1, 2 и 3 и член 21 и 22 од Правиникот за изведување на училишни екскурзии на учениците од средните училишта, а во согласност со член 24-а став 1 и 2 од Законот за средно образование (Сл.весник на РМ 44/95....229/20),Одлука бр.02-123/12 од 30.01.2026 година,претседателот на Комисијата за избор на правен субјект за изведување на ученички екскурзии во прва,втора и трета година за учебната 2025/2026 година,го објавува следниот:

## ЈАВЕН ОГЛАС - ПОКАНА

**За доставување на понуди за изведување на ученички екскурзии во учебната 2025/2026 година за учениците од СОУ „Гимназија Кочо Рацин"-Велес**

**Набавувач** :СОУ „Гимназија Кочо Рацин" Велес, со седиште во Велес, на адреса:ул. „Благој Ѓорев" бр. 40, телефон 043/212535, 078/365 371 веб страна: gimkocoracin@edu.mk

**Предмет на понудата: Ученички екскурзи за прва,втора и трета година.**

Екскурзиите се **деливи** по години.

Критериум за избор е **најниска цена,** под услов сите законски критериуми да бидат целосно исполнети.

Понудата да не содржи алтернативни решенија,односно истите да бидат точно определени без можност да се менуваат, ниту да се бараат дополнителни парични средстваод учениците.
**Понудувачот треба да ги исполнува следниве минимални услови:**

- Да е регистриран согласно позитивните прописи во Р.С. Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност.
- Да има успешно реализирани најмалку три ученички екскурзииво и други слободни активности во последните три години.
- Да ги исполнува условите за превоз на групи деца, согласно Законот за безбедност на сообраќај на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.

**Да ги докаже со соодветна документација**:

- Да поседува А-лиценца за вршење на туристичка дејност.
- ДРД образец и тековна состојба.
- Договори или поврди за најмалку три ученички екскурзии во земјава и/или странство и други слободни активности во последните три години.
- Копији од сообраќајни дозволи за возила (автобусите)кои ќе се користат.
- Потврда за исполнување на посебни техничко-експлоатациони услови и на техничките карактеристики на моторните возила (автобусите).
- Лиценца за вршење превоз на патници.
- Изјава/Доказ со која понудувачот потврдува дека ги исполнува на условите за превоз на групи деца, согласно Законот за безбедност на сообраќај на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца
- Изјава/Доказ со која понудувачот потврдува дека автобусите со кои ќе се врши превозот на деца ќе ги исполнуваат посебните технички барања, определени во Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца
- Понудувачот треба да достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот во износ од 15% од вредноста на договорот и да биде со важност од минимум 3 месеци по завршувањето на договорот.

Плаќањето ќе се изврши 30% од вредноста на поединечната понуда пред патувањето а остатокот поделен на 7 рати, директно од страна на родителот/старателот на ученикот на жиросметката на избраниот понудувач.

**ДЕЛ 1-: ШЕСТДНЕВНА ЗАВРШНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД III (ТРЕТА) ГОДИНА**

**Време на одржување:** Втора половина април – прва половина јуни 2026 најмалку 80 ученици +/- 10% од генерација.

**РЕЛАЦИЈА: ВЕЛЕС – ВЕНЕЦИЈА – ВЕРОНА – ЏЕНОВА – МОНТЕ КАРЛО – НИЦА – КАН – МИЛАНО – ЗАГРЕБ – ВЕЛЕС**

**БАРАЊА:**

- Понудата да се изработи согласно Програмите за ученичките екскурзии за наведената релација
- Автобуски превоз на дадената релација со високотуристички автобуси (тв, wc, клима).
- Лиценца за вршење на јавен меѓународен патен сообраќај;
- Сместување во хотел со најмалку 3***: мени на исхрана (со организиран доручек и вечера во хотел во кој ќе се престојува) во местата предвидени од програмата.
- Полиса за патничко осигурување за деца без франшиза.
- Обезбедено патничко и здравствено осигурување на учениците;
- Потврда дека сите ученици ќе бидат сместени во еден хотел;
- Ангажиран лиценциран туристички придружник во секое возило;
- Влезници за сите знаменитости вклучени во програмата;
- Понудувачот да има ангажирано локални туристички водичи во сите градови кои се предвидени во програмата;
- Придружба на медицинско лице-лекар и комплетна опрема за прва помош;
- Поволности за 2 (два) ученика од социјално загрозено семејство.
- Треба да биде обезбедено сместување и храна за 5 наставника;

**ДЕЛ 2-: дводневна ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД II (втора) ГОДИНА**

**Време на одржување:** **месец мај-јуни 2026 година, број на ученици 57 +/- 15% од учениците во генерацијата**

**Релација**: **ВЕЛЕС-ТЕТОВО- БИГОРСКИ МАНАСТИР- ВЕВЧАНИ-СТРУГА-ОХРИД-СВ.НАУМ – ВЕЛЕС**

**БАРАЊА:**

- Понудата да се изработи согласно Програмите за ученичките екскурзии за наведената релација
- Автобус со климауред и TV;
- Да обезбеди сместување во хотел со најмалку3*** , со доручек и вечера;
- Поради компактност на групата и координација сите ученици да бидат сместени во еден хотел;
- Да има обезбедено претставник од агенцијата, односно водич, а, при посетата на локалитети да има организирано локални водичи;
- Придружба на медицинско лице-лекар и комплетна опрема за прва помош;
- Обезбедено патничко и здравствено осигурување на учениците;
- Обезбедување влезници за посета на знаменитости и организирање на забавна вечер;
- Поволности за 2 (два) ученика од социјално загрозено семејство.
- Треба да биде обезбедено сместување и храна за 5 наставника;

**ДЕЛ 3-: еднодневна ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД I (прва) ГОДИНА**

**Време на одржување:** **месец мај-јуни 2026 година, број на ученици 80 +/- 10% од учениците во генерацијата**

**Релација:** **ВЕЛЕС – БИТОЛА – Хераклеа – Пелистер – Велес (посета на антички град Хераклеа,националниот парк Пелистер,прошетка низ градот Битола) -ВЕЛЕС**

**БАРАЊА:**

- Понудата да се изработи согласно Програмите за ученичките екскурзии за наведената релација
- Автобус со клима уред и TV.
- Обезбедени влезници за посета на знаменитости,
- Обезбеден претставник од агенцијата, односно водич, а при посетата на локалитетите да има организирано локални водичи;
- Придружба на медицинско лице-лекар и комплетна опрема за прва помош;
- Да има обезбедено патничко и здравствено осигурување на учениците;
- Поволности за 2 (два) ученика од социјално загрозено семејство.

Огласот трае 5 (пет) работни дена од денот на објавување во јавно гласило.

Огласот и Програмите за ученичките екскурзии ќе бидат достапни и на веб страна: gimkocoracin@edu.mk.

Понудата и целокупната придружна документација се доставува до СОУ„Гимназија Кочо Рацин"Велес на ул.„Благој Ѓорев" број 40, 1400Велес во одвоени затворени пликови со назнака „Понуда по јавен оглас за екскурзија " и забелешка „НЕ ОТВАРАЈ".

Претседател на Комисијата за распишување на Покана за екскурзии:

А.Гаштарска

Александра Гаштарска